| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Инсектите во пролет |
| **Содржина на денот** | Песна за Буба Мара |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Анета Симоновска |
| | |
| **Здрави и безбедни навики** | - Редовно разговарајте со детето за одржување на хигиената на рацете и за тоа дека после секоја игра, посебно надвор во природа треба добро да ги измие рацете со сапун и вода . |
| **Активности** | - Активноста можете да ја започнете со разговор за инсектите во пролет, побарајте од детето да ги именува и опише покажувајќи му слики и апликации од инсекти.<br>- Прочитајте му ја стихотворбата „Песна за буба мара“, а потоа објаснете ги зборовите кои не му се јасни. Поразговарајте за содржината на стихотворбата и започнете со учење на памет, односно меморирање на стиховите. Прочитајте два стиха повторете ги заедно со детето, потоа тоа само нека се потруди да ги повтори и така се до последниот стих, повторувајте додека детето не ја запомни целата стихотворба.<br>- Откако ќе научи самостојно да ја репродуцира стихотворбата, можете да се опуштите и раздвижите со имитирање на движењата на буба марата (како лета буба марата), а истото може да се повтори и со останатите инсекти : пеперутка, пчела, мравка, пајак и слично.<br><br>Во прилог следи текстот на стихотворбата: |

| | |
|---|---|
| | „Песна за буба мара“<br><br>Бубамара весела<br>на раче ми слета,<br>а потоа срećна<br>некаде одлета.<br><br>Бубамари весели<br>рашириле крила,<br>од рака на цвеќенце,<br>да насмевнат детенце.<br><br>Бубамара весела<br>гости пак ни носи,<br>сончев летен ден<br>Ии ножиња боси.<br><br>од стихозбирката<br>„Разиграни Чадорчиња“-Ели Маказлиева |